**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До**
**Политичка партија ЛЕВИЦА**
**Скопје**

**За**

**Претседател**

**Врска:**
**Ваш арх.бр.ИП 231/21 од 24.09.2021 година**
**(наш УПП бр.03-11 и УПП бр.03-13 двете од 24.09.2021 година)**

**УПП Бр. 03-11**

**Скопје 28.09.2021 г.**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

**Предмет: Одговор на доставени претставки**

Почитуван,

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) на 24.09.2021 година, од Ваша страна доставена е Претставка (Реакција и правно мислење околу толкувањето на најновите измени на Изборниот законик (наш УПП бр.03-11 од 24.09.2021 година) и Претставка (Приговор со вонсудска опомена пред тужба) бр.ИП 231/21 од 24.09.2021 година (наш УПП бр.03-13 од 24.09.2021 година), по повод кои Ве известуваме за следното:

Агенцијата внимателно ги разгледа поднесените погорецитирани Претставки. Имајќи ги предвид различните толкувања за примената на членот 75-ѓ став 1 од Изборниот законик и опфатот на одредбата, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 24.09.2021 година го измени Упатството за платено политичко рекламирање за Локалните избори 2021 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-3481/3 од 24.09.2021 година. Советот на Агенцијата одлучи во Упатството да ги преслика одредбите од Изборниот законик. Пречистениот текст на Упатството за платено политичко рекламирање за „Локалните избори 2021“ е достапен на веб страницата на Агенцијата на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2021/09/Upatstvo-za-PPR-za-lokalnite-izbori-2021precisten-tekst.pdf.

Воедно, Ве молиме да ја известите Агенцијата за начинот на распределбата на времето за платеното политичко рекламирање, кое ќе го договорите со другите подносители на листи од политичките партии кои на последните избори за пратеници не освоиле доволно пратеници да формираат пратеничка група.

Со почит,

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**